


# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ДРУШТВОТО ЗА ДЕЛОВНАТА 2021 ГОДИНА СО ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ДРУШТВОТО ВО 2022 ГОДИНА

# ОПШТИ ПОДАТОЦИ

| | |
|---|---|
| Назив на друштвото | **Акционерско друштво за промет,производство,угостителство,туризам и услуги АНГРОПРОМЕТ-ТИКВЕШАНКА-Кавадарци** |
| Скратен назив | **А.Д.Ангропромет-Тиквешанка** |
| Седиште и адреса | **ул.Индустриска бр.15 Кавадарци** |
| Телефонски број | **043-411-663** |
| Електронска пошта | **angropromet-tikvesanka@t.mk** |
| Матичен број | **4097319** |
| Шифра на дејност | **56.10** |
| Опис на дејноста | **Услуги на ресторани и подвижни објекти за служење храна** |
| Број на решение од Централниот регистар | **3062008002510** |
| Датум на основање(ден,месец,година) | **08.08.91** |
| Број на вработени на крајот на годината | **24** |
| Сметка/и (трансакциона/и) на АД и назив на институцијата која ја води | **500000000826855 Стопанска банка АД БИТОЛА** |
| Сметка/и (трансакциона/и) на АД и назив на институцијата која ја води | **200000003436605 Стопанска банка АД Скопје** |

**ЧЛЕНОВИ НА У.О.**

**Игор Панов-Претседател на Управен одбор и Генерален директор**

**Снежа Митрева-Член на Управен одбор**

**Диме Димитров - Член на Управен одбор**

**Нада Панова-Член на Управен одбор**

**ЧЛЕНОВИ НА Н.О.**

**Пане Коцев-Претседател на Надзорен одбор**

**Ристов Ѓоко - Член на Надзорен одбор**

**Ицев Бобан - Член на Надзорен одбор**

***Главни фактори и околности кои што влијаат на**

**определувањето на     работењето на друштвото**

Во текот на 2021 година Друштвото оствари добивка во износ од 3.227.687 денари.

-Приходи во износ од -----------------------34.929.091  денари
-Расходи во износ од ------------------------31.347.027денари
-Добивка пред оданочување ----------------3.582.064 денари
-Данок од добивка ------------------------------354.377 денари
-Добивка во износ од -------------------------3.227.687 денари

Во 2021 година Друштвото  своето работење го темелеше на редовните дејносто во ресторанитe за сали и хотелскиот комплекс,со тоа што приходите почнаа да растат во втората половина на деловната 2021 година.

## *Промени во опкружувањето во чиишто рамки друштвото дејствува

Во 2021 година опкружувањето во чии што рамки работи друштвото имаше големи рефлексии на работењето во однос  основната дејност поради пандемијата на Ковид 19.Општата намалена ликвидност  во државата имаше влијание на редовната наплата на побарувањата од купувачите ,а со тоа и на ликвидноста на друштвото.

## *Одговор на друштвото на промените и нивното влијание

Со превземените мерки за подобрување на економичноста на работењето и соодветните односи со деловните банки Друштвото редовно ја одржува ликвидноста и репутацијата во однос на опкружувањето. Нашите обврски кон Стопанска банка Битола од каде што беа  и двете кредитни задолженија се подмирени и во 2022 година е подигнат нов кредит од НЛБ Тутунска банка Скопје за инвестиции во основни средства.Земениот кредит во иднина  е наменет за инвестирање во инсталација  на фотонапонска опрема и уреди за производство на електрична енергија водејќи се од фактот што цената на електричната енергија е многу висока и постои можност за самопроизводство на истата од наши инвестиции со цел за задоволување на нашите потреби

***Политика на дивиденда**

Друштвото во 2021 година не планира исплата на дивиденди а е и со иста намера во оваа 2022 година.

***Исплата на плати**

Платите во деловниот систем се исплатуваа редовно. Сите вработени во целиот Друштво добиваа топол оброк , годишен регрес и други погодности според колективниот договор. Членовите на органите на управување намаат примања.

***Изгледите за идниот развој на друштвото и неговиот деловен потфат**

Развојот на друштвото според остварувањата и планираните активности ,воглавно ќе се одвива во иста насока и со иста динамика како и досега.Давање на угостителски услуги и хотелски услуги ке има поголема динамика со оглед на тоа што оваа година се планира изградба на поголема игротека во постоечки комплекс бидејќи барањата на побарувачите мора да се задоволуваат и да бидат на прво место.

мај

**Претседател на Управен одбор и**
**Генерален директор**

-------------------------------
Игор Панов